# "Златна буба мара на популарноста" на 22 февруари

Манифестацијата "Златна буба мара на популарноста" ќе се одржи следната среда, на 22 февруари, во 20.30, во Универзалната сала. За забавата, која по десетти пат ја организира скопското радио "Буба мара", и овој пат се најавуваат изненадувања за публиката, а организаторот не сака да ги открива музичките гости.

Сé уште е неизвесно дали и оваа година како водител во Универзалната сала ќе се појави Тони Михајловски. Популарниот актер и водител во една телевизиска емисија изјави дека веќе нема да ја води манифестацијата. На овие негови изјави, сопственикот на радиото, Ранко Петровиќ, вели дека целата неизвесност околу појавувањето или непојавувањето на Тони е дел од скриениот сценарио.

*(М.Ц.)*



*Неизвесно е дали и оваа година како водител во Универзалната сала ќе се појави Тони Михајловски*

# Цеде со најголемите кафеански хитови



*Ќе ја изненадиме публиката со песни за семејни веселби: Дејан Дичевски*

Дуото ММ (Мистер и Маестро), попознато како Дејан и Жаре Берберот, подготвува цеде со обработка на кафеански песни. Вокалите ќе ги испее Жаре, а обработките и аранжманите ќе ги направи Дејан Дичевски во своето студио.

- Сакавме да го снимиме за народот она што го пееме на нашите свирки - вели Дејан. - Цедето ќе се вика "Паша 1" и верувам дека добро ќе им дојде на луѓето за сите домашни веселби. Подготвивме 20 најголеми хитови што се слушаат по кафеаните и по ноќните клубови, и ќе ги свириме споени еден со друг. Цедето ќе се промовира следниот месец.

Дичевски најавува дека подготвува и обработка на песната на Жаре "Колку кошта" во сентиш варијанта, како и работа со други пејачи во неговото студио.

*(М.Ц.)*

## Диџеј Марко Настиќ во "Колосеум"

Во дискотеката " Колосеум " вечерва ќе настапи српскиот диџеј Марко Настиќ. Журката ќе започне во 22 часот.

Диџеј Марко е основач на издавачката техно куќа "Рекон". Досега има настапувано заедно со диџеј Карл Кокс, Марко Карола, Грин Велвет и многу други звучни техно имиња, во повеќе европски клубови. *(З.В.)*

## Евровизиска журка во "Процес"

Следниот четврток, на 23 февруари, клубот на евровизиските фанови ОГАЕ организира евровизиска журка во дискотеката "Процес", од 22 часот. ОГАЕ ги кани на забавата сите учесници на годинешниов домашен Евросонг и оние што учествувале претходните години да испеат некој свој или евровизиски хит во живо. Со оваа забава клубот сака да ја промовира македонската поп-музика.

За време на забавата ќе се слушаат најголемите македонски и евровизиски хитови, а на видеобим ќе се емитуваат стари снимки од овој фестивал.

*(М.Ц.)*

## Караоке-шоу во МЦМ

Водителот Александар Блажевски утревечер започнува со караоке-шоу журки во ноќниот клуб МЦМ. Забавите што тој ги прави по ноќните клубови низ Македонија сега се организираат и за скопјани секој петок. Гостите ќе имаат можност да ги пеат новите и старите светски, домашни и ексјугословенски хитови. Со караоке-шоуто започнува новата шема во старилот ноќен клуб со традиција, кој некогаш важеше за собиралиштe на познатите фаци во Скопје.

Вечерва во МЦМ ќе има грчка вечер, а в сабота гостува "Перкашн дуо". За недела, менаџерите на клубот најавуваат големо изненадување.